ООУ,,Манчу Матак" - Кривогаштани

Процедура за градење на партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница

Процедурата за соработка со родители се изработува училиштето со цел воспоставување и одржување на ефективен и задоволувачки однос на училиштето со родителите кој ќе ја подобри соработката меѓу училиштето и родителите и ќе влијае позитивно на напредокот на ученикот. За одржување на ефективен однос меѓу училиштето и сите субјекти во училиштето и родителот потребно е истиот да се одвива низ неколку облици кои обезбедуваат континуитет во соработката и начини на соработка која ќе биде информативна за родителот и наставникот и можност за наставникот правилно да го води родителот низ тековниот образовен и воспитен процес, но и можност позитивно влијание на наставникот и родителот на интелектуалниот, социо-емоционалниот развој на ученикот и училишниот успех. Секој субјект во училиштето со различна улога и задолженија соодветно на улогата воспоставува и соодветен облик на соработка со родителот.

Најдобро е партнерските релации со родителите да почнат да се градат при уписот на детето во училиштето и континуирано да продолжат да се практикуваат низ различни активности.На тој начин се отстрануваат бариерите и се креира поддршка, со што ученикот се чувствува прифатено, соработува и учествува во воспитно-образовниот процес.

1.РОДИТЕЛСКИ СРЕДБИ

Преку родителските средби, родителите добиваат информации за успехот на своето дете, неговото однесување во училиште, како и за предизвиците со кои се соочува. Наставниците, пак, имаат можност да се запознаат со семејната средина и да добијат подобра слика за ученикот. Оваа размена на информации придонесува за навремено решавање на проблемите и подобрување на образовните резултати.

Родителските средби не треба да се сведат само на пренесување информации. Тие се можност за заедничко планирање и соработка. Преку нив може да се дискутира за воспитни методи, начини на поддршка на децата во учењето, како и за развивање позитивни навики. Особено е важно родителите да бидат вклучени во активности кои се однесуваат на превенција од насилство, зависности и други ризични однесувања.

Со цел обезбедување на оптимални услови за развој и учење на ученикот и одвивање на наставата во училиштето неопходно е да се одржува континуирана соработка меѓу училиштето и родителите. Таа соработка се одвива преку:

- Информирање на родителите за успехот, редовноста и поведението на ученикот
- Информирање за посебните вештини или потешкотии кои ги покажува ученикот и соработка во поддршката и помошта која може училиштето да ја пружи на ученикот

- Одржување на однос со родителот во кој ќе се чувсвува сигурен да ги сподели потешкотиите или специфичната состојба кај ученикот кои може да влијаат на однесувањето на ученикот во училиштето
- Унапредување на соработката и довербата на родителите кон училиштето и наставничкиот тим;
- Зајакнување на соработничките односи помеѓу родителите со различно етничко, верско, културно потекло;
- остварување на соработка со јавните институции и установи во кои работат родителите на учениците;
- организирање работилници и предавања за родители;
- организирање на отворени (јавни) часови со активно учество на родителите

Контактите на училиштето - наставник, одделенски раководител, стручниот соработник со родителот потребно и се вложува напор да биде отворен, со меѓусебно разбирање и подготвеност за соработка за да се создаде и одржи довербата и соработката.

Со цел вклучување на родителите во училишниот живот и активности се предвидуваат отворени денови, покани на прослави на патронатот на училиштето, одбележување на државни празници и други значајни датуми, вклучување во реализација на научно-истражувачки екскурзии и проекти кои се реализираат во рамки на секоја учебна година. На овој начин родителите стануваат партнери на училиштето при изборот и обликувањето на содржините и активностите.

Соработката се одвива во текот на целата учебна година, најчесто низ следниве форми на соработка:

- ✓ индивидуални средби на одделенсккиот раководител со родителот на ученикот;
- ✓ редовни родителски средби на паралелката;
- ✓ отворен ден на училиштето и средба со сите наставници;
- ✓ општи родителски состаноци;
- ✓ вонредните родителски средби;
- ✓ родителски средби со група родители;
- ✓ приредби и отворени (јавни) часови;
- ✓ работилници со родители;
- ✓ советодавни разговори со стручните соработници и друго.

Некои од содржините на овие средби со родителите се:

- На родителите на почетокот на учебната година им се презентираат наставниот план и програми по кои ќе учат нивните ученици во тековната година
- на крајот на секоја учебна година на родителите им се презентираат наставните програми по изборните предмети кои се избрани на ниво на училиште за спроведување во следната учебна година, од кои родителите одбираат еден изборен наставен предмет кој ќе го изучува нивниот ученик доколку за тој предмет се пријават доволен број на ученици (според законскиот минимум)
- Запознавање на родителите на учениците со: наставниците, наставната програма, условите за работа во одделенска и предметна настава и организацијата на работата во училиштето.
- Запознавање на родителите на учениците со: Правилата за однесување на учениците, со Извадоци од Правилникот за изрекување на педагошки мерки, Куќниот ред .
- Кооптирање на нови членови во Советот на родители.
- Цели, задачи, начин на организација и реализација на дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности.
- Редовност, хигиена и дисциплина кај учениците.
- Актуелни прашања: осигурување, исхрана на учениците, претплата на детски списанија.
- Информации за наставните екскурзии кои се планирани со Годишната програма.

- Извештај за постигнатите резултати на учениците
- Разговори за надминување на проблемите во паралелката поврзани со: успехот, редовноста и дисциплината на учениците.
- Распоредот на учениците во слободните активности, изборната, дополнителната и додатната настава.
- Информации од состаноците на Советот на родители на ниво на училиште.
- Одделенските раководители и стручните соработници ги планираат средбите со родителите: праќаат покана, договараат термин, наоѓаат соодветен простор, определуваат времетраење на средбата и тема на разговорот, подготвуваат прашања и инструменти.
- Одделенските раководители и стручните соработници ги реализираат средбите со родителите: во комуникацијата се фокусираат на силните страни на ученикот и ресурсите на семејството кои ќе се користат како основа на која ќе се надградува поддршката, покажуваат емпатија, градат релации на почитување и доверба, даваат можност за присуство на луѓе кои се важни за семејството

На родителите им е овозможна достапност до Електронско (интернет) известување преку Е-дневник за успехот на учениците, присуството на наставата, реализација на наставната програма, дополнителната и додатната настава.

Прибирање податоци за и од родителите на учениците:

- Првични податоци за детето од родителот се прибираат со непосредно набљудување при уписот во I одделение при што родителот пополнува матичен лист за карактеристиките на неговото дете.
- На почетокот на секоја учебна година преку одделенските раководители се известуваат учениците и родителите доколку сметаат дека има потреба да информираат за здравствената состојба на ученикот да достават известување и документ за емоционалната и здравствената состојба до одделенскиот раководител или стручните соработници.
- Добиените податоци од родителите се чуваат како доверлив документ од страна на стручните соработници, а по потреба се споделуваат потребните делови со наставниците од учениците, заради соодветен пристап кон ученикот во наставата, но и заради безбедност и сигурност на ученикот.
- Од страна на одделенскиот раководител со писмена покана (Прилог 1.) се покануваат родителите чии деца покажуваат несоодветно однесување, се разговара со нив и се забележува нивното мислење и изјаснување за причините за таквото однесување.
- Од родителите на учениците со ПОП се прибираат податоци со интервјуирање, доставување наод и мислење од здравствени и други институции, како и различни инструменти. (Прилог 2.)
- За обезбедување на присуство на сите ученици што се училишни обврзници училиштето презема активности да се идентификуваат родителите чии деца не се запишани во училиште – со увид во список за упис на ученици по реони, а по потреба се користат информации од надлежни институции. Стручните соработници, а по потреба и УИТ се залагаат да се воспостави добра соработка со овие родители и со родителите чии деца нередовно ја посетуваат наставата.
- За потенцијално надарените и талентираните ученици се прибираат податоци од родителите за нивната перцепција на учењето и функционирањето на детето.

2. НАЈАВУВАЊЕ ОТСУСТВА И ОПРАВДУВАЊЕ ИЗОСТАНОЦИ

- Секој родител е должен отсуството на ученикот од наставата да го најави претходно (доколку станува збор за претходно познато отсуство) или најдоцна во текот на денот кога ученикот е отсутен. Притоа, задолжително треба да го информира одделенскиот раководител за причината за отсуство.
- Одделенскиот раководител е должен на барање на родителот да не соопштува податоци за здравствената состојба на ученикот, освен ако е неопходно да се соопшти на определен наставник или да се запознаат стручните соработници
- Доколку родителот сака да го ослободи ученикот од наставата заради патување во странство, задолжително треба да се обрати со писмено барање до училиштето со официјално барање и да добие одобрение од директорот. Одлуката за ослободување на ученикот од настава за патување во странство ја донесува директорот на училиштето, согласно Закон.
- Одделенскиот раководител е должен за секој неоправдан изостанок на ученик да го информира родителот, со образложение за неоправданиот изостанок.
- Родителот на првата општа родителска средба потпишува Изјава за примени учебници.
- Секој наставник има определено ден и час за прием на родители (јавно објавен на огласната табла и на веб страната на училиштето) во кое што време секој родител може да се обрати до конкретниот наставник за да разговара за постигнувањата и однесувањето на сопственото дете. Истовремено, родителите се охрабруваат секој проблем или незадоволство поврзано со ученикот да го пријават кај одделенскиот раководител.
- Комуникацијата со родителите е најразлична и прилагодена е на можностите на родителите: организирање на родителски средби и приемни денови, телефонски јавувања, комуникација преку пошта и информатичката технологија (е-дневник).
- Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето во рамките на формалните нивоа на одлучувања. Родителите на ниво на паралелка, преку Советот на родители и преку своите членови во Училишниот одбор ги следат тековните прашања и проблеми на училиштето и учествуваат во нивно решавање со свои мислења, видувања и предлози, но и се поттикнати да се вклучат во воспитнообразовната работа.

3.УЧЕБНИЦИ

Сите ученици добиваат бесплатни учебници (со исклучок на учебниците што се' уште ги нема) соодветни на наставните програми што ги изучуваат во текот на учебната година.

При складирањето и дистрибуцијата на учебниците училиштето се раководи од Правилникот за начинот на прием, складирање, доделување и враќање на комплетите на учебници во комплетите на учебници во основните и средните училишта (Сл. Весник на РСМ бр.3/2025)

Прием на учебниците врши Комисија за прием на учебници формирана од страна на директорот на училиштето, составена од претседател и три члена, од кои еден е библиотекарот во училиштето и два члена од редот на наставниците во училиштето. Претседател на Комисијата е директорот на училиштето.

Комисијата ги врши следните работи: прием на учебниците и распоредување на учебниците по одделенија односно години на образование и паралелки, согласно бројот на учениците во училиштето.

За приемот на учебниците Комисијата води записник за прием на учебници согласно Правилникот.

Одделенскиот, односно раководителот на паралелката доставува писмено барање до претседателот на комисијата за потребниот број на учебници за учениците во паралелката, по наслов, автор и тираж на учебници

Претседателот на комисијата го одобрува барањето и го доставува до библиотекарот на училиштето, кој врши доделување на учебниците на одделенскиот, односно раководителот на паралелката.

За доделувањето на учебниците, библиотекарот води записник за доделување на учебници согласно Правилникот.

Одделенскиот, односно раководителот на паралелката примените учебници ги предава на родителите/старателите на учениците во паралелката.

При приемот на учебниците родителот потпишува изјава за бројот на примени учебници, по наслов и автор/и на Образец според Правилникот.

Изјавата ја чува одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката.

По извршеното доделување на учебниците одделенскиот, односно раководителот на паралелката доставува извештај до директорот за доделените учебници, како и за учебниците кои не се доделени, односно не се примени од страна на родителите/старателите на учениците во паралеката.

Недоделените учебници одделенскиот, односно раководителот на паралелката ги доставува до библиотекарот, кој истото го евидентира во електронската евиденција.

Ученикот по завршување на учебната година треба најдоцна до крајот на месец јуни во тековната учебна година да го врати неоштетен комплетот на учебници, на одделенскиот, односно раководителот на паралелката.

Учениците кои се упатени на поправен испит, треба да го вратат комплетот учебници по завршување на учебната година.

Одделенскиот, односно раководителот на паралелката доставува извештај до директорот за вратените учебници од родителите/старателите на учениците.

Во извештајот се внесуваат податоци за родителите кои ги вратиле учебниците, податоци за вратените учебници (наслов на учебник, автор/и), состојба во која се вратени учебниците (употребливи, оштетени).

Врз основа на извештајот, директорот издава **потврда** на родителот/старателот на ученикот за вратените учебници.

5. Е-ДНЕВНИК

Користењето на оваа електронска алатка за наставниците во училиштето е задолжителна и е овозможено преку интернет комуникација, така што нема никакви ограничувања од каде физички ќе се пристапи кон апликацијата, со користење на интернет врска.

Оценките или пак изостаноците кои се направени во даден момент, наставникот е должен веднаш да ги внесе во системот, и автоматски овие податоци се достапни на увид на родителите преку оваа апликација.

Родителот/старателот на ученикот има можност преку електронскиот дневник да ги следи сите потребни информации за своето дете, вклучително и податоци за наставниците, наставниот план според кој се реализира наставата, распоредот и описот на часовите, како и евидентниот лист, оценките, поведението, изостаноците и личните податоци.

Секој родител е должен да се најави и активно да го користи електронскиот дневник.

Родителите на учениците, преку доставените е-маил адреси до одделенскиот раководител, имаат пристап до системот и можат редовно да ги следат постигнувањата на своето дете.Е-дневникот овозможува секојдневен увид во тековните активности и резултати на ученикот, присуството на наставата, реализацијата на наставната програма, како и дополнителната и додатната настава.

Заштитата на личните податоци во Е-дневникот се целосно обезбедени од страна на апликацијата, при што родителите имаат пристап исклучиво до податоците за сопственото дете.

Училиштето применува утврден систем за известување на родителите за напредокот на учениците, кој доследно се спроведува.Родителите/старателите добиваат информации за

постигнувањата на учениците по секој квалификационен период, а во текот на учебната година имаат можност континуирано да се информираат преку Е-дневникот.

6.СОВЕТУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИ

Во училиштето се реализира Програмата за советувања на родители и ученици пропишана од МОН којашто е законска обврска. Програмата по правило ја спроведува психологот на училиштето.

Со постапката за Советување на родителите на Наставнички совет навремено се запознати раководителите на паралелките и сите наставниците.

Родителот, односно старателот се упатува на советување, ако:

- ученикот во текот на наставната година истовремено има негативна оценка по три или повеќе предмети,
- ученикот има направено повеќе од десет неоправдани изостаноци,
- ученикот го навреди наставникот,
- ученикот учествува во различни форми на насилство,
- ученикот покажува антисоцијално (девијантно) и асоцијално однесување,
- ученикот предвреме го напушти образованието,
- ученикот користи говор на омраза и
- во краток период на ученикот значително му се намали успехот.

Постапка за советување:

- ✓ Одделенскиот, односно раководителот на паралелката повикува на советување најмалку еден родител, односно старател, со покана упатена преку телефон, по пошта или со лична достава.
- ✓ Ако поканата за советување се однесува на антисоцијално (девијантно) и асоцијално однесување на ученикот, пред да се испрати поканата се бара стручно мислење од Педагошката служба.
- ✓ Педагошката служба, во рок од десет дена од приемот на барањето доставува стручно мислење за однесувањето на ученикот од ставот (2) на овој член.
- ✓ Поканата за советување на родителот, односно старателот треба да биде нумерирана и да се достави најмалку осум дена пред одржувањето на советувањето.) Ако родителот, односно старателот од оправдани причини не може да се јави на поканата е должен за отсуството да го извести одделенскиот, односно раководителот на паралелката, пред одржувањето на советувањето или во рок од три дена по советувањето.
- ✓ Одделенскиот, односно раководителот на паралелката го известува психологот, односно педагогот во училиштето за доставената покана за советување на родителот, односно старателот.
- ✓ Психологот, односно педагогот на училиштето изготвува неделен и месечен план за одржување на советувањето.
- ✓ Со учениците чии родители, односно старатели се упатени на советување заради постапувања на ученикот психологот, односно педагогот реализира советување на ученикот, по завршување на советувањето на родители, односно старатели, согласно Програма за советување на ученици и родители, односно старатели, која на предлог на Педагошката служба, ја утврдува министеротСоветувањето има главно две цели:
  - ➢ Запознавање на родителите за значењето на проблемот што се јавил кај нивните деца (нередовно посетување на настава, за намалениот или слабиот успех во наставата и/или несоодветното однесување).
  - ➢ Едуцирање на родителите за начините со кои може да се подобрат вештините во воспитувањето на учениците и да се унапредат односите во семејството, со цел

учениците поуспешно да се справуваат со разните училишни тешкотии и животни предизвици.

Програмата за советување дава флексибилност во одлуките на психологот/педагогт во однос на средбите индивидуални или групни исто така и во бројот на средбите. Повеќето родители се повикуваат на индивидуални средби поради поголема ефикасност од средбите.

Советувањето на родители и ученици е со позитивни впечатоци од постигнатата атмосфера и однесувањето на родителите на досега одржаните средби за советување на родители и со голем оптимизам очекува реални резултати. Ако не кај сите, кај добар дел од учениците има подобрување во редовноста и училишните постигањата.

7.СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА,ДЕЛОВНАТА ЗАЕДНИЦА И НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР соработка со локалната заедница, деловната заедница и невладиниот сектор

На децата им се потребни можности оптимално да ги развијат своите потенцијали и успешно да се интегрираат во локалната заедница. Затоа училиштето соработува со сите релевантни лица од заедницата, кои се подготвени да дадат позитивен придонес.

- Училиштето поттикнува учество на учениците, вклучувајќи ги и учениците од маргинализираните групи во настани од интерес на заедницата.
- Училиштето ги мотивира сите учениците подеднакво за волонтерско вклучување во некои активности на заедницата.
- Училиштето соработува со заедницата во подобрување на условите за работа во училиштето.
- Училиштето овозможува и иницира вклучување волонтери од заедницата во наставните и воннаставните активности, најчесто како поддршка за учениците со потешкотии и попреченост
- Согласно со законските одредби училиштето остварува соработка со локалната заедница преку меѓусебни контакти, обуки, семинари, организирање и учество на настани од заеднички интерес и реализација на заеднички проекти.
- Училиштето соработува и спроведува заеднички проекти со стопански организации, занаетчиски работилници, комори и здруженија.
- Преку соработката со деловната заедница се овозможува професионално информирање и ангажирање на учениците.
- Училиштето користи можности за подобрување на условите преку спонзорства и донации.
- Преку соработката со НВО покрај подобрување на условите за работа во училиштето, може да се реализираат едукации и работилници за ученици, родители и вработени во училиштата.

Тим Процедура за соработка со родителите/старателите и заедницата

1. Анета Гулабоска – психолог и координатор
2. Дијана Каравилоска – наставник
3. Наталија Везенкоска – наставник и
4. Леонора Рујаноска – наставник

В.д. директор:

_____

Лилјана Стојкоска

Кривогаштани, април, 2026 година.

Прилог 1.

До _____

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Ве известуваме дека со вашето дете _____ имаме проблеми во однос на _____. Ве поканувам да се обидеме да ги решиме овие проблеми.

Има потреба што поскоро да разговараме со Вас како родител. Ве поканууваме ЗАДОЛЖИТЕЛНО да дојдете на разговор со одделенскиот раководител и стручните соработници на ден _____ 20__ година во _____ часот во просториите на ООУ во Кривогаштани.

Со почит,

М.П. Одделенски раководител:

_____

ДОСТАВНИЦА

Јас, _____ родител/старател на ученикот _____ го примив ова известување на ден _____ и ќе постапам / нема да постапам по него (заокружете).

Потпис на родителот:

_____

Прилог 2.

Прилог 1/1. ДОВЕРЛИВ ФОРМУЛАР ЗА РОДИТЕЛИ ЗА РАЗВОЈНА ИСТОРИЈА НА УЧЕНИКОТ

Име и презиме на ученикот: _____ Пол: _____
Датум на раѓање: _____ Одделение: _____ Формуларот го пополнува: _____ Врска со ученикот: _____
Адреса: _____ Телефонски број: _____

ИНФОРМАЦИЈА ЗА РОДИТЕЛИТЕ / СТАРАТЕЛИТЕ:

Ученикот живее со:

☐ Мајка ☐ Татко ☐ Маќеа ☐ Очув ☐ Друг: _____

Родителите се: ☐ Во брак ☐ Одвоени ☐ Разведени

Наведете ги СИТЕ возрасни и деца кои живеат во истиот дом, како и нивната врска со ученикот:

Име Возраст Врска

_____

Наведете го јазикот на кој зборувате дома и било какви навики и правила, кои може да влијаат врз учењето на ученикот _____

_____

ОБРАЗОВНИ ИНФОРМАЦИИ:

Набројте ги имињата на образовните институции / училиштата кои ги посетувало вашето дете на секој од наведените образовни стадиуми, како и значајни, важни детали за напредокот на детето во нив (од социјален аспект, од образовен аспект, од здравствен аспект, тестирања, заостанување и слично).

▪ Градинка:
▪ Од прво до трето одделение:
▪ Од четврто до шесто одделение:
▪ Од седмо до деветто одделение:

Дали вашето дете учело според било каква индивидуална образовна програма?Дали имало дополнителна поддршка и помош од други стручни лица надвор од училиштето?Ако работело, со кого и колку време?

☐Поддршка во учењето _____, ☐ Емоционална поддршка _____, ☐ Говор и јазик _____, ☐ Приватни часови _____, ☐ Други програми (курсеви) _____.

Дали вашето дете:

☐ Повторувало година, ☐ Број на повторувања _____, ☐ Било исклучено од училиште, ☐ Број на исклучувања _____

Опишете го напредокот што вашето дете го доживеало во училиште.

_____
_____

Набројте ги образовните јаки и слаби страни на ученикот.

_____
_____

Означете ги оние области за кои сметате дека ќе бараат дополнителна образовна поддршка кај ученикот.

Пишани комуникациски вештини

☐слабо фаќа белешки /забележува, ☐ има лош ракопис, ☐ сиромашна писмена комуникација, ☐ бавно ги завршува задачите.

Визуелни вештини

☐тешко чита на глас, ☐ тешко пишува текст, ☐ се повторува во читањето или пишувањето, ☐ тешко фаќа белешки во пишана содржина.

Слуховни вештини

☐тешко следи упатства, ☐ има сиромашни вербални вештини, ☐ сиромашен говор / артикулација, ☐ лесно го губи вниманието, ☐ има проблеми со читање.

Организациски / вештини за учење

☐слаби работни навики, ☐ неорганизираност, ☐ не успева да ги заврши задачите,
☐недостаток на мотивација, ☐ не може да започне / да се задржи на задача

Социјални вештини

☐потешкотии во меѓусебни односи, ☐ хиперактивност, ☐ некултура / невоспитаност,
☐нарушено однесување / вознемирен, ☐ слаба самодоверба, ☐ не соработува.

Означете ги оние образовни области за кои сметате дека вашето дете има потреба од образовна помош.

Јазични вештини

☐слабо изразно пишување, ☐ сиромашна граматика и структура на реченицата,
☐неправилна употреба на голема буква и интерпункциски знаци.

Читање

☐тешко изговарање на букви и слогови, ☐ слабо разбира, тешко учи, ☐ слабо препознавање на буквите, ☐ избегнува читање списанија, книги.

Математика

☐не ги знае основните операции, ☐ не применува математички вештини за време, пари, мерење, ☐ не разбира текстуални задачи, ☐ има потешкотија со сложени математички задачи.

Општествени науки

☐тешко чита текст и тест, ☐ има потешкотија во разбирањето концепти, ☐ слабо помни факти и настани.

Природни науки

☐тешко чита текст и тест, ☐ има потешкотија во разбирањето концепти, ☐ слабо помни и применува содржини или научени вештини

Опишете евентуални потешкотии со домашните задачи?

_____

_____

Имате ли некакви предлози со кои би му помогнале на училиштето да им излезе во пресрет на образовните потреби на вашето дете?

_____

_____

ПРАШАЊА ОД ДОМЕНОТ НА "НЕСООДВЕТНО" ОДНЕСУВАЊЕ

Наведете било какви специфичности во однесувањето.

_____

_____

Кои стратегии биле употребувани во однос на овие специфични прашања?Дали беа успешни?

☐ Усни опомени: _____, ☐ Паузи: _____

☐ Отстранување на привилегии: _____, ☐ Награди: _____

☐ Физичко казнување: _____, ☐ Согласување со детето: _____

☐ Избегнување на детето: _____

Означете што од наведеното се однесува на Вашето дете:

☐често одбива да го направи она што му е кажано.

☐го прави она што му се кажува – вообичаено после првото кажување.

☐треба да се потсети за да направи онака како што му е кажано.

☐треба често да се потсетува за да се натера да го направи она што се бара од него.

Коментари: _____

_____

Набројте, доколку има, причини за загриженост во врска со социјалните вештини на вашето дете:

_____

Дали вашето дете досега било подложено на било каков третман во однос на менталното здравје?Ако било, од кого, каде и колку често?

Коментари:

_____

Дали во последните 12 месеци вашето дете било подложено на некоја од следните стресни ситуации?

☐ Разделба на родителите, ☐ Смрт во семејството, ☐ Промена на работно место на родителот, ☐ Разведени родители, ☐ Болест во семејството, ☐ Промена на училиште,

☐ Фамилијарна незгода, ☐ Преселба на семејството, ☐ Финансиски проблеми во семејството, ☐ Друго:_____

РАЗВОЈНА ИСТОРИЈА

Проценете најблиску што можете, на која возраст вашето дете:

☐Седна самостојно _____, ☐ Лазеше _____, ☐ Застана потпирајќи се _____, ☐ Прооде самостојно _____, ☐ Ги изговори првите зборови _____, ☐ Изговори едноставни реченици _____.

Дали вашето дете имаше проблеми со хранењето? _____ спиењето?

_____

Ако вашето дете имало или има проблеми со говорот, ве молиме објаснете:

_____

_____

МЕДИЦИНСКА ИСТОРИЈА

Опишете ја моменталната здравствена состојба на вашето дете:

_____

Ако вашето дете има било каква физичка попреченост, целосно објаснете:

_____

Дали вашето дете боледува(ло) од некоја хронична болест? (на пример астма, дијабетес, напади, срцево заболување), ако одговорот е ДА - објаснете.

_____

Дали вашето дете било изложено на повреди, операции или болести (пример: сипаници, пневмониа, заушки, големи модринки, скршени коски, повреда на глава, операција на крајници, операција на слепо црево и слично), ако одговорот е ДА - објаснете.

_____

_____

Означете каков му е

Слухот:	☐ Одличен	☐ Добар	☐ Слаб
Видот:	☐Одличен	☐Добар	☐Слаб

Дали видот и слухот на вашето дете биле неодамна проверени од специјалист?Ако одговорот е да, кога, каде и од кого?

_____

Дали знаете или се сомневате за употреба на алкохол, цигари или дрога? Објаснете.

_____

Постои ли историја на сексуално злоупотребување?

_____

Дали вашето дете има проблеми со спиењето?

☐ Нема, ☐ Тешко заспива, ☐ Спие со прекини, ☐ Станува многу рано, ☐ Друго:

_____

Дали вашето дете има некаква алергија? Ако одговорот е да, објаснете:

_____

_____

Дали вашето дете зема редовна терапија? Ако одговорот е да, објаснете за каков вид на лек се работи и која доза ја зема:

_____

Дали постои некаква загриженост за фината и крупната моторика на вашето дете?

_____

Дали во вашето семејство постои историја на:

☐ Визуелни проблеми, ☐ Проблеми со слухот, ☐ Проблеми со говорот,

☐ Ментална попреченост, ☐ Напади или конвулзии, ☐ Срцеви заболувања,

☐Емоционални проблеми, ☐ Потешкотии со читањето.

Објаснете:

_____

Датум: _____ Формуларот го примил: _____